

Број 4
август-септември 2004

# БИЛТЕН за меѓурелигиска соработка

Buletin për bashkëpunim ndërreligjioz • Bilteno baš-o maškar konfesionalnikano jekhetano butikeripe • Dinlerası işbirliği bəlteni
Билтен за међурелигиску сарадњу • Simirida ti colaboratsii anamisa tuti religii
Bilten za međureligisku saradnju • Bulletin for inter-religious cooperation

Да заслужиш многу години - нека ви биде запишана добра година

## Семинар „Меѓуверски дијалог“

**Во соработката помеѓу Факултетот за исламски науки, Богословскиот факултет и МЦМС, во рамките на програмата ПРМ, на 13.09.2004 г. во просториите на ФИН и БФ се одржа семинар на тема меѓурелигиски дијалог, на кој учествуваа и претставници од Исламско-христијанскиот студиски центар (ИСХЦ) од Копенхаген, Данска**

Семинарот содржеше две сесии. Претпладневната се одржа на ФИН со предавањето на тема „Да се биде верник во модерно мултирелигиско општество”, на кое воведничари беа г-ѓа Лиси Расмусен и г. Сафет Бектовиќ од ИХСЦ, а беше организирана и панел-дискусија на темата: „Националноста во плуралистичкото општество, односот помеѓу државата и црквите и верските заедици; различни типови секуларни општества”, при што со свои трудови се претставија проф. д-р Јован Таковски, продекан на БФ; д-р Исмаил Бардхи, декан на ФИН; д-р Метин Изети, предавач на ФИН; м-р Петко Златески, предавач на БФ; м-р Абдулџемил Несими, предавач на ФИН и д-р Ѓоко Ѓорѓевски, предавач на БФ.

Во поздравните говори на деканот на ФИН и продеканот на БФ на почетокот од работата беше нагласена кризата од отсуството на културата на теологијата и религијата, потребата за соработка, вложување позитивна енергија во овој период на транзиција кај нас, создавање парадигма на соживот, потреба за морална поддршка од страна на државата во овој правец, имајќи ја предвид негрижата од нејзина страна кон религијата и верските институции, што може да се види и од нерегулираниот статус на двата факултета во рамките на државниот образовен систем.

Освен тоа, се говореше и за најгорливиот проблем за тоа како да се развие соработката држава–црква и верските заедници. Се истакна и тоа дека поради чистотата на религијата и нејзините содржини најдобро е таа да биде што понастрана од политичките проблеми и самата политика, со еден збор – таа нема потреба од сето тоа.

Во своето предавање, по главната тема, г-ѓа Расмусен истакна дека постојат контрадикторни тенденции помеѓу верниците во Данска виз-а-ви верските заедници. Повеќето луѓе се идентификуваат себеси како христијани или муслимани, но често како форма на опозиција кон останатите. Како религиозни луѓе, индивидуалци и заедници, ние имаме одговорност да работиме за општото добро, против употреба на идентитетот за отфрлање на другите – во Македонија и во Данска. Пораката е јасно кажана во Библијата и во Куранот, не треба да работиме само за своите интереси, туку и за доброто на целото општество. Сите сме Божји суштества.

Од своја страна, г. Сафет Бектовиќ истакна дека кризата на модерното која доаѓа до израз во последните децении од 20-от век резултира со зголемен интерес за религијата. Глобализацијата, интензивирањето на комуникацијата помеѓу припадниците на различните култури, кризата на идентитетот, недостатокот на целосен филозофско-идеолошки систем, избувнувањето конфликти со верска позадина, се само некои од факторите кои денес условуваат интерес и потреба за повторно дефинирање на религијата.

Втората сесија од семинарот се одржа во просториите на Богословскиот факултет каде што на темата „Зошто меѓурелигиски дијалог” говореа д-р Исмаил Бардхи и г-ѓа Лиси Расмусен, додека на темата „Како може христијаните и муслиманите да комуницираат и да работат заедно?” говореше проф. д-р Ацо Гиревски од БФ.

Според г-ѓа Лиси Расмусен, целта на дијалогот е градење пријателски односи, базирани на доверба. Нам ни се потребни различни модели на дијалог во различни контексти. Тоа што ги обединува сите овие модели е целта за градење односи: да се гради однос, значи да се поврзе, да се возврати, да се биде пријателски настроен.

Проф. д-р Ацо Гиревски од БФ како заклучок на својот говор истакна дека човек кој има различно „вјерују”, не го губи своето основно својство, својата духовна припадност. Па, спрема тоа, наша обврска е со поразличните од нас да го споделуваме своето уверување и најдлабокото духовно доживување коешто ни го дарувал Бог. Тие што си ја познаваат својата вера и коишто се доследни на неа, целосно и верно, тие кои преку смирение и изворна љубов покажуваат плодови на покајание – постојаните обновители на духовниот живот, тие би можеле секогаш, во секое време и насекаде во светот да иницираат вакви и слични дијалози.

На крајот, гостите од Данска ги претставија искуствата на ИХСЦ во полето на меѓурелигискиот дијалог.

Треба да се истакне дека со панел-дискусиите во двете сесии претседаваше г. Александар Кржаловски од МЦМС, а за време на целиот семинар присутни беа и претставници од медиумите како и од двете високообразовни институции.

Повеќе од сигурно е дека светите книги имаат непресушен извор, тие ја имаат моќта за создавање мир, љубов, соживот, без разлика на националните или верските различности. Тие најдобро го познаваат човека. Тие му говорат на општеството за важноста на телото, за внатрешната чистота, за чистата совест и високата свест кон другиот и себеси. За жал, голем културен и цивилизациски недостаток


- страна 2 Активности на теолошките факултети
- страна 3 Активности на теолошките факултети
- страна 4 Осврт
- страна 5 Обуки, работилници и семинари
- страна 6 Католичка црква Еврејска верска заедница
- страна 7 Евангелско методистичка црква
- страна 8 ИНФО

# МЕЃУВЕРСКИ ЛЕТЕН КАМП

Од 12 до 17 јули во Струга се одржа меѓуверски летен камп. На кампот учествуваа вкупно 25 студенти и активисти од Богословскиот факултет (БФ), од Факултетот за исламски науки (ФИН), од Евангелско-методистичката црква (ЕМЦ), како и Баптистичка црква, Универзален живот и Нова надеж.

Целта на кампот беше преку дијалог да ги споделиме нашите верски убедувања, да научиме повеќе за самите себе, но и за другите. Тоа беше и основниот предизвик кој ме поттикна да земам учество на кампот.

Освен можноста за меѓусебно запознавање, имавме можност да слушнеме и неколку стручни предавања, на кои беа изложени идеите на љубовта, хуманизмот и дијалогот.

Ирсал Јакупи го претстави предавањето на деканот на ФИН д-р Исмаил Бардхи насловено како *„Исламскиот хуманизам - основа за меѓурелигискиот дијалог"*.

Преку предавањето, беше претставен концептот на хуманизмот како една од најважните и најафирмираните содржини во свеста на современиот човек.

Мирче Танчев од ЕМЦ нè потсети дека *„Бог е во потрага по дијалог со човекот„* истакнувајќи ја важноста на дијалогот.



Во предавањето од професорот на БФ, Петко Златески, насловено како *„Преку взаемна љубов во Европа„* основниот акцент беше ставен на љубовта. Христијаните во својата љубов кон другите треба да се огледаат на Божјата љубов кон човештвото.

На кампот беше организирана и *„Работилница за оценка на програмата Меѓурелигиска соработка во Македонија – ПРМ"*, на која претставниците на МЦМС нè запознаа со досегашните и идните активности од програмата.

Работилницата беше можност да се искажат впечатоците од заедничкото дружење и давање идеи за понатамошните активности.

Нашето мислење беше дека се потребни трибини на кои заеднички ќе дејствуваме за спречување на современите зла и опасности во светот (дрогата, абортусот, еутаназијата, клонирањето), согласувајќи се дека христијанската и исламската религија тесно ја поврзуваат верата со моралот. Заклучивме дека меѓуверскиот дијалог треба да постои и треба да се насочи кон надминување на стереотипите.

Дополнителна активност при овој летен камп беа двете посети на верски објекти во Охрид и во Струга. Ги посетивме верските објекти „Св. Богородица Перивлепта" и „Св. Климент на Плаошник", како и теќето „Хасан Баба Хајати".

Црквата „Св. Климент и Св. Пантелејмон" е некогашен манастир и се наоѓа во Охрид во месноста Плаошник. Според житието на Св. Климент, по неговото доаѓање во Охрид во 893 година, тој обновил стар манастир посветувајќи му го на Св. Пантелејмон, каде што изградил црква и училиште описменувајќи 3.500 ученици.

Црквата „Св. Богородица Перивлепта" се наоѓа во горниот дел на градот Охрид во близина на „Горна Порта„. Таа била изградена во 1295 година од византискиот војсководец Прогон Згур.

За време на посетата во црквата се служеше вечерна служба на која останавме не само ние, православните, туку и другите посетители, кои имаа можност да се запознаат со верски обред во православен храм.

Теќето „Хасан Баба Хајати" се наоѓа во Струга и потекнува од почетокот на 18 век. Подигнато е од Хасан Баба. Куполата на минарето е со осум страни коишто ги симболизираат осумте врати на рајот, како и круната на Шеихот. Верниците на ова теќе се нарекуваат Халвети Хајати, што значи потполно да се покоруваш на верските должности и да се оттргнеш од световните работи. Освен со историјата на теќето, имавме можност да се запознаеме и со муслиманските верски обреди и да присуствуваме на еден верски обред.

Посетите ни овозможија да се запознаеме со историјатот, стилот и градбата на овие храмови, но и со верските обреди кои се служат во нив гледајќи како основната визија на преданието се репродуцира преку симболичната форма на ритуалот и практиката.

Преку ова искуство почнавме да се осознаваме онакви какви што навистина сме. Толку различни, а сепак исти, сплотени во верата кон единиот Бог, сите учесници на кампот ми станаа толку блиски, што повеќе тој или таа не го гледав како муслиман, методист или баптист, туку како конкретна личност којашто ја запознав на подлабок и личен начин.

**Подготви: Анета Јовковска**
**Дипломиран теолог**

# ОТВОРЕН МЕЃУРЕЛИГИСКИ ИНФО И ДИЈАЛОГ ЦЕНТАР

### На 01.07.2004 година започна со работа Меѓурелигискиот инфо и дијалог центар

Новоотворениот Инфо и дијалог центар е дел од програмата ПРМ за кој со донации од книги учествуваа Македонската православна црква, Исламската верска заедница, Католичката црква, Еврејската заедница, Евангелско-методистичката црква, како и другите верски заедници во Македонија.



Инфо и дијалог центарот содржи библиотечен фонд со религиозна содржина и претставува можност за подобро информирање и запознавање со религиите во Македонија. Покрај библиотеката, Центарот служи и за организирање состаноци на црквите и верските заедници.

Во Центарот се ангажирани седум лица, идни теолози и активисти на црквите/верските заедници (две со половина работно време и пет лица по еден ден во текот на неделата).

Библиотечниот фонд во рамките на Центарот можат да го користат студентите од теолошките факултети, како и заинтересираните граѓани, секој работен ден од 10:00 до 18:00 часот. За изложените публикации појаснување можат да дадат вработените теолози/активисти од црквите и од верските заедници.

Центарот го посетија деканите на БФ и ФИН, студентите на теолошките факултети и граѓани кои се заинтересирани за подобро запознавање со религиите. Поголема посетеност се очекува со септемвриската промоција.

Репрезентативни примероци со религиозна содржина изложи и издавачката куќа Табернакул.

Заинтересираните граѓани можат да го посетат Меѓурелигискиот инфо и дијалог центар на ул. „Мито Хаџивасилев-Јасмин" бр. 18, блок 7, локал 3. Дополнителни информации можат да се добијат на телефонот 02/3230-044.

**Подготвила: Сузана Трајкова**
**Дипломиран теолог**

# ПОСЕТА НА МАНАСТИРОТ „Св. БОГОРОДИЦА ПРЕЧИСТА“

**На 30.06.2004 година претставници на црквите и верските заедници остварија посета на манастирот „Св.Богородица Пречиста” во Кичево.**

Посетители на манастирот „Св. Богородица Пречиста” во Кичево беа дваесетина студенти и активисти од МПЦ, (и БФ), ИВЗ (и ФИН), КЦ, ЕМЦ, Божји глас, како и од заинтересирани граѓани.

При пристигнувањето бевме манастирски пречекани со локум, кафе и ладна манастирска



вода од седумдесетгодишната игуманија на манастирот, Агнија. Во текот на посетата ни беше претставен историјатот на манастирот.

Манастирот кој денешниот изглед го носи од 1949-50 година низ историјата се покажал како важен духовен, културно-просветен центар. Имено, првиот Архиепископ на Македонската Православна Црква Неговото Блаженство Доситеј е хиротонисан за владика во овој манастир. Денешната манастирска црква потекнува од 1848 година и е изградена од игуменот Теодосиј и народот од Западна Македонија. Фрескоживописот на црквата е дело на зографот Дичо од Тресонче, а се верува дека учествувал и неговиот син Аврам.

Особено е впечатлива иконата на Пресвета Богородица Пречиста со вдлабнат камен под неа, каде што се протнуваме за здравје и вечни добрини, како и самиот иконостас на манастирската црква.

Со доаѓањето на Митрополитот г. Тимотеј за надлежен архиереј на епархијата, манастирскиот комплекс доживеал вистинска преродба. Оттогаш целосно се возобновени старите конаци на манастирот за кои трудољубиво се грижи игуманијата Агнија, која неуморно бдее над имотот на манастирот.

Една посетителка ги пренесе импресиите од посетата со зборовите: „Целиот ден во мислите ми се враќаше една идеја што сум ја усвоила од следењето на состојбите во светот во доменот на религиозноста. Тоа е идејата дека религиозноста и толеранцијата одат рака под рака, дека оние што имаат јасно дефинирана религиозност и силни религиски чувства имаат далеку повисоко чувство за толеранција кон луѓето што исповедат друга религија отколку оние чија религиозност не е јасно дефинирана и чии религиски чувства не се многу силни.

Доколку е тоа така, тогаш проектот ќе постигне уште поголем успех доколку своите пораки успее да им ги пренесе и на оние што според сугерираната формула би можело да се очекува дека ќе бидат помалку толерантни”.

**Подготвила: Сузана Трајкова**
**Дипломиран теолог**

## Посета на Католичка црква

На 06.10.2004 година, ќе се оствари посета на Католичката црква ,,Пресвето срце Исусово'' во Скопје. Посетителите ќе бидат пречекани од жупникот Дон Никола Ќибариќ.

# ДЕНОВИ НА ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ

Започнуваат подготовките за Деновите на верските заедници. За организација на настанот формиран е организациски одбор со претставници од црквите и верските заедници во РМ. На 07.09.2004 г. Организацискиот одбор одржа седница на која беа утврдени форматите за пријавување, терминот на настанот и другите програмски активности.

Деновите на верските заедници се состојат од изложбен и форумски дел.

Изложбените активности се насочени кон претставување на изданијата (книги, списанија, постери, аудио и видеоматеријали) на црквите и верските заедници, додека форумските активности се состојат од предавања и дебати на одредени теми.

Настанот претставува единствена можност преку кој со свои изданија, публикации и форум-настани ќе се претстават црквите и верските заедници во Македонија.

Учесници на „Деновите на верските заедници” се сите регистрирани верски заедници и религиозни групи во Македонија и нивните хуманитарни организации.

Повеќе информации за настанот можете да добиете во Меѓурелигиската инфоканцеларија и дијалог-центарот.

# АДРЕСАР НА ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ

Во тек се подготовките за Адресарот на верските заедници и религиозни групи во Македонија.

Адресарот ќе ги содржи основните информации на верските заедници и религиозни групи во Македонија, регистрирани според Законот за верските заедници, како и фотографии од позначајните верски објекти, а ќе биде публикуван на македонски јазик, со скратена верзија на албански и на англиски јазик.

Преку Адресарот ќе се овозможи подобрување на информираноста за црквите и верските заедници во Македонија.

Ова е прв адресар на верските заедници и религиозни групи во Макдонија и е извонредна можност, како за нивно меѓусебно претставување, така и за претставување пред пошироката јавност.

Се надеваме дека ова издание ќе наиде на широка употреба во јавниот и во приватниот сектор, како и кај меѓународните институции чиишто интереси се насочени кон човечките и религиозните права. Промоцијата на Адресарот е предвидена за време на „Деновите на верските заедници”.

# ОКОЛНОСТИТЕ НА МОДЕРНИОТ ЖИВОТ: ЛИБЕРАЛИЗАМ, ТРАДИЦИОНАЛИЗАМ, И МОРАЛНИ ВРЕДНОСТИ НА ЕВРОПА ШТО СЕ ОБЕДИНУВА

**од Кирил, митрополит смоленски и калинградски**

**Независна газета, 26 Мај 1999**

„Разберете ги околностите на времето", рече Игнациј Антиохиски, светиот маченик и Богоугодник. Оваа заповед има посебна важност денес, на прагот на третиот милениум. Какви проблеми става векот што одминува пред нас? Кој е предизвикот на епохата?

Фундаменталниот предизвик за човештвото во оваа епоха е неопходноста да се разработи цивилизациски модел кој би егзистирал во 21. век, со крајна хармонизација на драматично различните императиви на неолиберализмот и традиционализмот.

Истокот и Западот се соочуваат со најтешката, но во никој случај нерешлива задача на заедничко изнаоѓање баланс меѓу прогресот во сферата на заштита на личните права и правата на малцинствата од една страна, и заштитата на националниот-културниот и верскиот идентитет на идивидуални нации од друга страна.

Потребата од адекватен одговор на цивилизациските предизвици на нашето време досега не е формулирана со соодветни социо-политички и културолошки термини, но секако реален контекст е токму отпорот на конзервативниот и традиционалистички став кон светот, наспроти наметнатиот и поредок на неолибералните вредности.

Желбата за коегзистенција претпоставува предуслов - почитување на правото на другиот да живее. Но најпрвин треба да се договориме за концептот на стандарди коишто ќе бидат употребувани за опишување на либералните и традиционалните комплекси.

Либералната доктрина се појавила во Европа во 18. век кон крајот на просветителството. Идејата за ослободување на поединецот од социјалните, политичките, националните, религиозните и правните ограничувања ги потхранувала револуционерните движења кои се спротиставуваа на државната структура во земјите на западна Европа и во Русија. Поддржувачите на овој тренд ја постулираа постоечката неслобода на индивидуата, заробена од страна на структурите и институциите на државата, социјалниот ред, моралот што преовладува, предрасудите и конвенциите како фундаментален проблем на епохата. Според тоа, индивидуата треба да биде ослободена од товарот на надворешните сили, затоа што човекот „по дефиниција" е највисока вредност, а неговата добрина е критериум на праведниот социјален ред. Целиот комплекс на идеи на либералните стандарди на постоење беше формиран во 19. век. За прв пат беше конституиран во „Декларацијата на правата на човекот и граѓанинот" на француската револуција и конечно потврдени со „Универзалната декларација на човекови права" во 1948 г. Со други зборови, можеме да потврдиме дека меѓународните стандарди по природа се исклучиво западни и либерални стандарди.

Во овој контекст, посебно треба да се споменат моралните вредности на обединувачка Европа. Овие вредности се стандардизирани врз основа на западниот либерализам. Кога границите на обединета Европа беа исти со границите на западна Европа, овој проблем можеше да се смета за „внатрешно" прашање на западот и нејзиниот цивилизациски избор, одговорноста која во религиозна и пасторална смисла е родена од страна на западните цркви. Денес границите на обединета Европа се прошируваат на Исток, и многу е веројатно дека во блиска иднина ќе вклучи земји со православно население од повеќе милиони. Која би била смислата на животот на овие луѓе во согласност со морални и етнички стандарди далечни на нив во однос на зачувување на спиритуалниот, културниот и верскиот идентитет?

Доколку Европа и, можеби, целиот свет биде стандардизиран врз основа на единствена културна-цивилизациска норма, би било полесно да се управува со него, но ќе му недостасува убавината на различноста и радоста на луѓето. Денес е веќе јасно дека проширувањето на либерализмот не може да се случи без конфликти, особено во оние области на човечкиот живот кои ги задржуваат вредностите потхранувани од националните, спиритуалните и културните традиции.

Нашиот закон за слобода на мислата се сметаше за некомпатибилен со либералните стандарди во сферата на верските човекови права. Всушност, на Русија и беше ставен ултиматум за да го хармонизира своето законадавство во однос на слобода на мислата со меѓународното законодавство, всушнот либералните стандарди.

Таквите судирања покажуваат дека либералниот стандард не е совршен и открива можност за негова манипулација за политички цели. Тие можности се многу забележителни и во иднина ќе се појавуваат сѐ почесто доколку веднаш не започнеме сериозен дијалог за односот меѓу либерализмот и традиционализмот во формирањето одржливи стандарди коишто мора да ги прифатат предизвиците на европската, како и на светската интеграција.

Од ова следува дека би се зеле општо прифатени принципи на комбинирање со националните, културните и верските вредности од самите тие земји кои можат да имаат улога на општо прифатени со автентичен универзален карактер.

Моралната одговорност на посткомунистичка Русија и други земји што припаѓаат на спиритуалната и културната традиција на православното христијанство е да ја претстави својата визија за проблемот на светската заедница и да го повика да продолжи со дијалогот во новите променети историски услови.

Има уште многу работа да се направи за да се формулира сопствената позиција и да се брани пред светската јавност во ОН и други меѓународни организации. Напорите на православната црква можат да имаат непроценлива улога, пред сѐ во дијалогот со другите цркви, религии и деноминации.

Во оваа смисла би сакал да кажам само неколку зборови во врска со екуменизмот.

Кризата на екуменизмот јасно ја откри аспирацијата на протестантизмот да ја користи либералната идеја како фундамент, што на многу начини ја дефинира екуменската етика и пракса, а во исто време да нема разбирање за темата на традиционализмот. Ова доведе до ситуација во која иако е постигнат некаков успех во однос на догматски консензус, православците и протестантите се соочуваат со нови поделби предизвикани од некакво „апсолутизирање" на либерлните стандарди на протестанската теологија.



Меѓутоа, овие сериозни несогласувања и контрадикции не треба да бидат перцепирани како причина за прекин на дијалогот и уште повеќе како основа за верски судир со западот. Напротив, Руската православна црква, која го покрена прашањето на кризата на модерниот екуменизам, јавно и во духот на братска отвореност смета дека продолжувањето на дијалогот помеѓу христијаните претставува можност да му се посведочи на поделеното христијанство значењето на принципот на верба претставен во апостолската традиција. Доста плодоносен во оваа смисла би можел да биде дијалогот со Римската католичка црква, која ја прифаќа и почитува традицијата како принцип на верба.

Монотеистичките религии завртени кон идејата на автентичност на нивниот религиозен идентитет ги бранат правата на нивните верници. Тоа е посведочено со одредени закони во законодавството на Израел и на муслиманските земји. Монотеистичките религии би можеле да станат сојузници на православците во дијалогот со оние кои ја ставаат вредноста на традицијата под знак прашалник. Црквите и верските заедници мора адекватно да одговорат како на позитивните, така и на несомнено постечките негативни аспекти на процесот на глобализација, што е во тек. Би сакале да ги разбереме другите, но исто така сакаме да бидеме слушнати и разбрани.

Тргнуваме од идејата дека стандардите, кои доброволно или недоброволно ја овозможуваат деструкцијата на национално-културниот и верскиот идентитет на луѓето, неизбежно ќе ја намалат полнотата на светот на Господа, ќе водат кон негово унифицирање и на крајот кон негово уништување.

Европа, со своите традиции на разновидна културна структура, толеранција и отвореност би можела да даде одлучувачки придонес на процесот на глобална хармонизација на верските, културните и социо-политичките традиции.

Јас верувам дека преку заеднички напори ќе можеме да ги поставиме основите за разновидна заедница базирана на стандарди за заштита на правата и слободите на луѓето и во исто време ќе се зачувуваат вредностите вкоренети во нивните спиритуални, културни и верски традиции. Само овој

# ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО ВО ПРОЦЕСИТЕ НА ЕУ ИНТЕГРАЦИИТЕ

Во рамките на Програмата за градење капацитети, АПРОДЕВ (здружение од 17 главни хуманитарни и развојни европски организации поврзани со Светскиот совет на црквите, во соработка со Македонскиот центар за меѓународна соработка (партнер на АПРОДЕВ), на 22-23 јули 2004 година во Скопје, Македонија, беше организирана работилницата со наслов *„Улогата на граѓнското општество во интеграциите во ЕУ и процесите на демократизација на Балканот"*.



Работилницата беше отворена со претсеминар за кој воведно излагање имаше г. Роб ван Дримелен (Rob van Drimmelen) – генерален секретар на АПРОДЕВ, а семинарот продолжи со предавањето на претставникот од Конференција на европските цркви, г. Петер Павлович (Peter Pavlovic) на темата *„Улогата на црквата во процесот на европската интеграција – искуствата на КЕК како европска екуменска организација"*. Тој нагласи дека улогата на граѓанското општество во европскиот развој во иднина е навистина голема. Земјите на Балканот се дел од тој процес. Со цел да ги постигнат целите и да учествуваат ефективно во процесот на европската интеграција, организациите на граѓанското општество треба јасно да ги идентификуваат своите цели и партнери. Тој додаде дека црквите и организациите поврзани со црквите можат и требаат да играат значајна улога во овој процес.

Предавање одржа и претставник на Ортаид (Ortaid), хуманитарна организација на православната црква во Финска, г. Јирки Харконен (Jyrki Harkonen) на темата *„Православната црква во Финска: работа на развојот помеѓу истокот и западот."*

Накратко беше претставена хуманитарната организација Ортаид, којашто е формирана во 2000 година во рамките на православната црква во Финска.

Во предавањето беше нагласено дека Финска се наоѓа на границата помеѓу две култури, во област обележана со присуството на двете, и источната и западната гранка на христијанството, во текот на повеќе од илјада години. Според тоа, може да се рече дека источната христијанска традиција и вредностите на западната демократија до денес живеат една покрај друга во Финската православна црква. Тој додаде дека со членството на Финска во Европската Унија од 1995 година па наваму направен е уште еден сосема природен чекор кон културната интеракција. Наедно ги претстави идеите како би требало во иднина православната црква активно да се вклучува во културниот дијалог во Европа.

Предавањето заврши со зборовите: Ортаид сака да ги чита знаците на времето со тоа што ќе гледа на ЕУ како на предизвик. Успехот на ЕУ на крајот ќе зависи од нејзината способност да им помогне на православните цркви да се ослободат себеси од национализмот и да ја трансформираат својата мисија во мисија на креирање православен комонвелт во Европа.

### ОДБЕЛЕЖАНИ СЕДУМ ГОДИНИ ОД СМРТТА НА МАЈКА ТЕРЕЗА

# ВРАЧЕНИ ПРИЗНАНИЈАТА „ПОСЛАНИЕ МАЈКА ТЕРЕЗА"

„Можеби не можеме да сториме големи нешта, но можеме мали, и тоа со многу љубов", рекла Мајка Тереза – Гонџа Бојаџиу, големата хуманистка и граѓанка на светот. Светот ѝ се воодушевуваше на Мајка Тереза, на нејзината пожртвуваност и посветеност на болните и гладните, на напуштените и осамените. Признанието за оваа мајка, Нобеловата награда за мир, стигна во 1979 година. Во таа чест и во чест на седумте години од смртта на Гонџа Бојаџиу, на 5-ти септември 2004 година во Македонската академија на науките и уметностите во Скопје се одржа свечена академија.

На академијата, организирана од страна на здружението „Скопјанката Мајка Тереза", признанијата „Послание Мајка Тереза" ги додели градоначлаников на Скопје Ристо Пенов, а годинава им припаднаа на претседателот Борис Трајковски (постхумно), Аге Бојаџиу и Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС).

Статуетки со ликот на големата жена добија Мифтар Мифтари, Митко Тошев, Скендер Кули, Галаба Зареска и Домот за стари лица „Мајка Тереза", кои ги додели министерот за образование и наука, Азиз Положани.

Граѓанката на светот, Мајка Тереза, е родена на 26 август 1910 година во Скопје. На 26 септември 1928 година го



напушти родниот град за да им се посвети на хуманоста и на посветеноста на болните и беспомошните. Таа се упокои на 5 септември 1997 година во Калкута, Индија.

Папата Јован Павле Втори на 19 октомври 2003 година ја беатифицкува Мајка Тереза, односно ја прогласи за блажена – чекор пред нејзиното прогласување за светица.

**Подготвил: Грамоз Шабани**

# МЛАДИТЕ ОД КАТОЛИЧКАТА ПАРОХИЈА РАДОВО НА ЛЕТЕН КАМП ВО ОХРИД

Во периодот 17-23.07.2004 од страна на парохот од Радово, о. д-р Зоран Стојанов, беше организиран летен камп за младите од оваа источно-католичка парохија. Летниот камп се одржа во новиот католички пасторален центар во Охрид.

Групата се состоеше од 32 учесника, во која се вклучија млади луѓе од различна возраст, ученици од осмо одделение до средно образование, со учество и на двајца богослови. Целта беше да се добие една компактна група од млади со различна возраст, каде што личноста на секој поединец може да дојде до израз.

Уште пред почетокот на летниот камп имаше активна подготовка којашто се состоеше од вежбање на литургиското пеење. Распоредот на летниот камп се состоеше од предавања, односно давање духовни импулси.

Слободното време се користеше за одење на плажа, разгледување на убавините на Охрид, пред сѐ на културните споменици и, се разбира, секојдневно славење на Светата Литургија, каде што човекот има најголема можност да ги искуси Божјите благодети, Божјата присутност меѓу нас, луѓето. Преку Светата Литургија ние можеме најмногу духовно да се збогатиме.

Младите имаа можност секој ден да слушнат различни проповеди, имено од Н.В.П. Монс. Киро Стојанов, о. Зоран, патер Кушан и патер Срećко. Тие, секој на свој начин, се обидоа на младите да им пренесат како во ова време треба да ја пренесуваат Радосната Вест – Евангелието на сите луѓе, односно уште поважно, како тие да го живеат Евангелието. _

Преку ваков вид дружење, младите имаа можност подобро да се запознаат едни со други, да стапат во контакт, да имаат почит едни кон други, да ги прифаќаат другите со нивните предности, како и недостатоци. За тоа како си поминале, што доживеале и научиле, еве што велат Александра, Велика и Марија учесници на летниот камп:

„Кога пристигнавме, домаќините патер Кушан и патер Срećко нѐ пречекаа како најважни гости. Одморот ни започна со Света Литургија, во која учествувавме со нашиот аматерски хор. По Светата Литургија домаќините ни организираа свечен ручек. Патем, ни заблагодарија за убавото пеење на нашиот хор. По ручекот имавме предавања од нашиот парох кој се обиде за таа една седмица да ни го покаже вистинскиот пат во нашиот живот, патот кон љубовта и братското другарство, патот кон социјални христијански личности, дисциплинирани во нашиот понатамошен живот. Се обиде преку неколку параболи и приказни да ни го покаже светот кој нѐ опкружува, со неговите добри и лоши страни. Се обиде да нѐ воведе во нашата иднина по вистинската патека, кон нашата слобода. Да се биде слободен, значи да го изберам вистинскиот пат кој ме води до Исус Христос. Можеби е тоа една од најважните работи коишто ги научивме во Охрид. Тоа и всушност се обидоа да ни го пренесат нашите духовни водачи: о. Зоран, патер Кушан, патер Срećко и Н.В.П. д-р Киро Стојанов преку нивните проповеди, предавања и поуки. Едно од нашите очекувања, духовно да се исполниме и надоградиме, беше исполнето”.

**Подготвил: Спасе Спасов**

# ДА ЗАСЛУЖИШ МНОГУ ГОДИНИ - НЕКА ВИ БИДЕ ЗАПИШАНА ДОБРА ГОДИНА

**Тизке лешаним работ - лешана това тикатеву**
**(Традиционален поздрав на Евреите за празникот Рош хашана)**

За разлика од другите празници, кои повеќе или помалку се врзани за природата и историјата, кои имаат различни значења и на неколку начини се запишувани во Танах и Талмуд за Рош хашана (Нова година) и Јом кипур (Ден на помирувањето), може да се рече дека не се Хагим (Ходочасни празници). За нив се смета дека се големи празници, а во народот, помеѓу другото, и така се нарекуваат.

Месеците почнуваат да се бројат од месецот нисан во пролетта, а годините од месецот тишри наесен. Рош хашана се слави на први и втори тишри и претставува почеток на десетте страшни дена, сѐ до големиот пост Јом кипур. Тоа се денови на Божанскиот суд, кога праведниот и милосрдниот Господ ги сведува сметките за сѐ што живее на земјата, ги запишува заслугите, добрите дела, но и гревовите, носи пресуди запишувајќи ги во книгите, а десеттиот ден го запечатува она што го заслужил поединецот со своето однесување во текот на изминатата година.

Па, затоа се знае дека вечерта на Рош хашана, Господ отвора три книги: книга за добрите во која веднаш ги запишуваа оние кои заслужиле да бидат таму, книга за оние кои имаат време да се покајат за време на овие десет дена, и книга за потполно лошите кои веднаш се запишуваат во книгата на лошите и не можат да се покајат за своите гревови и погрешни постапки. Поради тоа, и основната молитва за Рош хашана гласи: Запиши нѐ во книгата на животот!

Доволно зборува и самиот факт дека за времето кога постоел Вториот храм, додека големиот Свештеник Езра читал за празникот од Тора, луѓето го празнувале овој голем еврејски празник и го слушале читањето на Тора, додека во исто време и плачеле, бидејќи знаеле со колкава голема сериозност му пристапуваат на празникот и знаеле дека сега за тие десет дена се запечатува нивната судбина и се донесуваат одлуките за во иднина.

И двата празника се честитаат со зборовите: Кетива вехатима това! (Добро запишување и запечатување).

Во Танах е запишано дека првиот ден на месецот тишри е ден на одмор, на кој се потсетуваме со звукот на трубите и треба да биде ден на светиот сабор.

Но, се наметнува прашањето: зошто го славиме празникот два дена кога пишува дека треба да се празнува еден ден?

Одговорот е многу едноставен и јасен. Во времето на пророците нашите рабини одлучиле Рош хашана да се празнува два дена бидејќи во тоа време почетокот на новиот месец се утврдувал со два сведока кои пред Бет дин (Врховниот суд) ќе изјават дека виделе млада месечина, па така таа вест се пренесувала по пат на гласниците од Еерусалим до Вавилон. Да се избегне задоцнувањето на веста и да се избегне кршењето на овој многу свет ден (поради доцнење на информацијата за почетокот на новиот месец), рабините одлучиле овој празник да се слави два дена и во Јерусалим и на секаде во светот.

Запишани се и некои обичаи кои се задржале и денес (служење слатко овошје, јаболка кои се јадат со мед, јадење глава од јагне, јадење риба) кои се однесуваат на вечерта на почнувањето на празникот. Овие обичаи симболизираат почеток на една нова година со желба таа да биде слатка и добра, домаќинот да биде секогаш прв, да бидеме плодни. Покрај сето тоа, Рош хашана е обележен како ден на судот кој се завршува со Јом кипур.



Подготовките за Рош хашана започнуваат веќе во месецот елул (претходникот на месецот тишри). Тогаш, во тој месец треба да се подготвиме за доаѓањето на големите празници, па постои обичај побожните луѓе на секое изгрејсонце (освен во саботите) да одат во синагогите да се молат со посебни молитви кои се нарекуваат селихот (проштевалки), сѐ до Јом кипур (десеттиот ден од Новата година). Покрај искрените покајувања за сите свои лоши постапки во текот на изминатата година, и молитвите за простувањето на гревовите, се препорачува и давање добротворни прилози и правење добри дела.

**Подготвил: Хазан Ави Козма**

# ГЕНЕРАЛНА КОНФЕРЕНЦИЈА НА ЕМЦ

**Од 27.04.2004 до 07.05.2004 година во Питсбург – САД, се одржа генералната конференција на Евангелско-методистичката црква**

Во Питсбург, Пенсилванија (САД), се одржа Генерална конференција на ЕМЦ, на која присуствуваа околу 1000 делегати од 150 земји во светот и околу 2000 гости.
Генералната конференција ја започна својата работа со Свечена богослужба и со Господна вечера, (причест) така што во деновите на одржувањето на Конференцијата, секој ден започнуваше со Богослужба, а напладне, за време на паузата, се делеше Господната вечера (причест).
Со едноминутно молчење се укажа почит на трагично загинатиот претседател на Република Македонија, г. Борис Трајковски, кој порано учествуваше во работата на Генералната конференција.
Генералната конференција (ГК) се одржува секоја четврта година и претставува највисоко законодавно тело на ЕМЦ. На конференцијата се донесуваат сите одлуки поврзани со дисциплината, организацијата, структурата и со целокупниот живот на црквата.
За секоја годишна конференција се делегира претставник. ЕМЦ во Македонија оваа година за свој делегат го испрати Михаил Цеков, старешина на ЕМЦ.
Материјалите добиени за работа од ГК беа со различна проблематика, на тој начин што делегатите во првата недела работеа во работните групи: *Црква и општество; Конференција; Следбеништво, вера и заповед; Финансиска администрација; Глобално проповедање; Образование и проповедничка служба; Правна администрација; Локална црква*.
Во втората недела од ГК беа донесени одлуки од предлозите и петициите поврзани со сферите на црквата и општеството. Одлуки се носат на централните, а на крајот и на годишните конференции.
Освен работата, ГК одржуваше и богослужби, на кои учество зедоа проповедници од различни земји. Благодарност на Бога, благодарност на сите сестри и браќа, кои во молитвите свои мислеа на сите нас.

**Михаил Цеков**
**Старешина на ЕМЦ во Македонија**

# „ТЕЛО, ДУША, ДУХ - НОВ ЧОВЕК“

**Тоа беа темите на шестиот по ред Младински летен камп, кој се одржа во Крани на Преспанското Езеро од 16 до 23 август 2004 година**

На кампот учествуваа околу 70 млади луѓе од Македонија, од Албанија и од Косово, на возраст од 15 до 27 години. Предавањата на кампот беа на темите *„Тело, душа, дух и нов човек”*.
Кампот беше со цел да се прослави Бог за новиот живот кој ни го дава.
Секое утро имаше кратко слово од Библијата. По појадокот младинските групи имаа можност да се претстават самите со кратка програма. Имаше пет работилници во областа на рачната работа, пишувањето, сликањето, спортот и драмата. Доаѓаше до израз креативноста на младите. Попладнето беше слободно за пливање, спорт, дружење... Вечерата беше исполнета со лично сведочење за верата во Бога, со песни, со забава и квиз за познавање на Бибилјата. Сето тоа беше за наша духовна поткрепа, а за слава на Бога.
Направивме прошетка до Охрид, каде што ги посетивме позначајните историски споменици коишто во Охрид, за наша радост, ги има многу. Претпоследната вечер беше наречена Ноќ на таленти, каде што се истакнуваа младите со своите посебни способности. Последната вечер имаше свечена богослужба со Господна вечера (причест) за сите присутни на младинскиот камп. Нашите збогувања беа со надеж за повторна средба идната година, се разбира, ако Бог ни го дозволи тоа.

**Младите од ЕМЦ - Струмица**






Издавачката куќа Табернакул донираше изданија со религиозна содржина од нивните едиции за Меѓурелигискиот инфо и дијалог центар

## Поимник:

**Библија** – (грч. писмо, книга, збирка на книги). Збирниот назив Библија кој ги означува заедно канонските книги на Стариот и Новиот завет преовладува од XVI век. Денес се користи претежно називот Светото писмо.

**Манастир** (грч. сам, еден). Комплекс на градби каде што монасите се повлекуваат од световниот живот. Монаси се оние коишто се посветуваат на Господа и се заветуваат на безбрачност, послушност и сиромаштво и живеат во молитва, пост и морална чистота. Постојат женски и машки манастири.

**Рамазан** – трета главна исламска должност на муслиманите. Рамазанскиот пост означува воздржување од јадење, пиење, пушење и физичко задоволство од пред утрото до залез на сонцето со цел за искажување на посветеност на Бога. Оваа година месецот на постот започнува на 15 октомври, завршува на 14 ноември.

**Талмуд** (хебр. учење, подучување, наука) – плод на духовно создавање на Евреите во разни епохи и земји. Тоа е монументална енциклопедија во која можат да се најдат закони и прописи, веронаука и наука, право и етика, медицина и хигиена, агрономија и други области од човековите активности. Талмудот се дели на шест томови или вида.

**Ташлих** (хебр.Tashlih) – обичај на првиот ден од Рош Хашана да се отиде на брег на река или море, каде гревовите симболично се фрлаат во вода, за да во новата година да се биде исчистен од гревовите.

**Хадис** – зборовите, делата и одобрувањата на пророкот Мухамед.

## Регистрирани верски заедници и религиозни групи во Македонија

**Според закон за верски заедници и религиозни групи објавен во Службен весник на РМ бр. 35/97**

1. **Македонска православна црква**
   Бул. „Партизански одреди”, 12, Скопје
2. **Исламска верска заедница**
   Ул. „Чаирска” 52, Скопје,
3. **Католичка црква**
   Ул. „Ристо Шишков”31, Скопје,
4. **Еврејска верска заедница во РМ**
   Ул. „Борка Талески”24, Скопје
5. **Евангелско-методистичка црква во РМ**
   Ул. „Дебарце” 9, Скопје
6. **Христијанска адвентистичка црква**
7. **Баптистичка црква**
8. **Јеховини сведоци**
9. **Исламска еренлерска тариканска верска заедница во Македонија**
10. **Сатја Саи центар**
11. **Ваишнавска верска заедница**
12. **Прахристијанска заедница-универзален живот**
13. **Бекташиска заедница во РМ**
14. **Евангелска црква Скопје**
15. **Христијанска црква „Слово на надеж”**
16. **Црква Божја во РМ**
17. **Христијанска религиозна група Нова надеж**
18. **Религиозна група христијанска црква Божји глас**
19. **Меѓународна црква Христос Скопје**
20. **Независна Христова црква**
21. **Новоапостолска црква во Македонија**
22. **Евангелско-конгрешанска црква**
23. **Христијански центар**
24. **Христијанска црква Блага вест**


## Двомесечна информативна публикација Билтен за меѓурелигиска соработка

Издавач: Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС); Македонска православна црква (МПЦ), Исламска заедница во Р. Македонија (ИЗ), Католичка црква (КЦ), Еврејска заедница во Р. Македонија (ЕЗ), Евангелско-методистичка црква (ЕМЦ).

Издавачки совет: Александар Кржаловски (МЦМС), Ѓоко Ѓорѓевски (МПЦ), Метин Изети (ИЗ), Дон Мато Јаковиќ (КЦ), Виктор Мизрахи (ЕЗ), Милица Попризова (ЕМЦ).
Главен и одговорен уредник: Александар Кржаловски
Лектура: Магдица Шамбевска
Дизајн: Кома
тираж: 500 примероци
Печати : Боро графика
Финансирано од Норвешката и Данската црковна помош.

Рег бр. 02-161/2


